Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 02-321/3
16.04 26 год.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО**

**НА ЈП ХС ЗЛЕТОВИЦА - ПРОБИШТИП**

**ВО 2025 ГОДИНА**



*Пробиштип, Април 2026*

**Содржина** **страна**

1. Податоци за претпријатието 3

2. Организациона поставеност и кадровска опременост
на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип 4

3. Извршени работи, деловни активности во 2025 година по сектори 6

4. Табеларен преглед со коментар за потпишаните и
реализираните договори за Јавни набавки во 2025 година 12

5. Финансиска состојба 14

6. Дигитализација 27

7. Заклучно мислење 27

## 1. Податоци за претпријатието

**Основни податоци за ЈП ХС Злетовица - Пробиштип**

1.1 *Целосен назив на претпријатието*: Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица - Пробиштип

1.2 *Седиште:* ул. Цветко Тонев број 3А - Пробиштип

1.3 *Краток историјат*:

ЈП ХС Злетовица - Пробиштип е формирано со Одлука на Управниот одбор на ЈП Студенчица и Злетовица бр.0201-267 од 14.05.2001 година, на која одлука Владата на Р. Македонија има дадено согласност бр.23-3213/1 од 12.06.2001 година.

Основна цел на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип е да ја отпочне и реализира изградбата на повеќенаменскиот проект ХС Злетовица, кој ги опфаќа следниве фази:

- Фаза 1 - водоснабдување: обезбедување на сирова вода за пиење на над 100.000 жители во општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Кратово, Лозово и Карбинци
- Фаза 2 - наводнување: Наводнување на околу 4.500 ha земјоделска обработлива површина во општина Пробиштип и Кратово,
- Фаза 3 - енергетика: Обезбедување на околу 48 GWh хидроелектрична енергија преку повеќе хидроцентрали

Реализацијата на Фаза 1 - водоснабдување од повекенаменскиот проект ХС Злетовица се финансираше од кредитот добиен од Јапонската банка за меѓународна соработка и оваа фаза е завршена и ставена во функција, така што сирова вода се испорачува до општините Пробиштип, Свети Николе, Штип и Карбинци. Но, во тек се интензивни активности за комплетно ставање во функцијата на системот, со што сирова вода ќе користи и општината Лозово.

Изработката на техничката документација за Фаза 2 и Фаза 3 од проектот Хидросистем Злетовица е завршена од страна на Конзорциумот SWECO AQYA HUDRO и исплатени се средствата од грантот добиен од Европската инвестициона банка. Со последната исплата грантот од ЕИБ е затворен.

Во текот на 2025 година, Министерство за финансии достави барање за изразување на интерес за заем до меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, за финансирање на проектот Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2 - наводнување и фаза 3 - производство на електрична енергија. По однос на добиените барања најприфатлива беше понудата на Светска банка.

Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја известија Светска банка дека Владата ја прифати понудата за финансирање на Проектот на ХС Злетовица, Фаза 2 – наводнување и Фаза 3 – енергетика. Исто така, од Светска банка информираа дека ќе се обезбедат грант средства за техничка помош и инвестициски грант, за ажурирањена постоечката техничка документација.

Светска банка известија дека обезбеден е грант во износ од 2 милиони долари за ажурирање на техничката документација.

Во тек е активна комуникација на ЈП ХС Злетовица со Светска банка, во делот на достава на сите технички податоци како и одговор на голем број на прашања потребни на банката пред одобрување на кредитот.

### *1.4 Опис на дејноста наведена во Централен регистар*

Приоритетна дејност која ја врши ЈП ХС Злетовица - Пробиштип е Собирање, обработка и снабдување со вода, шифра 36.00.
ЈП ХС Злетовица - Пробиштип има изградено брана Кнежево и Зафат 1 и Зафат 3 за водоснабдување на општините Пробиштип, Штип, Свети Николе, Лозово и Карбинци. Сировата вода од зафатите за водоснабдување преку доводните цевководи се дистрибуира до пречистителните станици на општините, кои понатаму преку нивните локални мрежи ја дистрибуриаат до крајните корисници.
Претпријатието во Централен Регистар на Република Северна Македонија во **2025** година е евидентирано како мал деловен субјект.

## 2. Организациона поставеност и кадровска опременост на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип

### *2.1 Управување и раководење со ЈП ХС Злетовица - Пробиштип*

Со ЈП ХС Злетовица - Пробиштип управува Управен одбор составен од седум членови, кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.
Контрола над материјално-финансиското работење на претпријатието врши Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење составен од три членови, кои ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.
Владата на Република Северна Македонија со Решението бр.14-11026/1 од 29.10.2024 година именуваше седум членови во Управниот одбор на Јавното претпријатие, а со Решението бр.14-11043/1 од 29.10.2024 година именува тројца членови во Надзорниот одбор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.
Со Јавното претпријатие раководи Директор/в.д.Директор, кој го именува и разрешува Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица – Пробиштип.
Од 24.07.2024 година со Јавното претпријатие раководи Директорот Златко Стојановски, кој беше избран од Управниот одбор, по претходно спроведен јавен конкурс.
Управниот одбор на ЈП ХС Злетовица Пробиштип на седницата одржана на 07.07.2025 година за вршител на должноста Заменик на директор го избра Игор Манасов.
Со секторите и одделенијата раководат раководителите на секторите односно одделенијата.

### *2.2 Организациона шема по работни и административни сектори со назнака и опис на службите во секој сектор*

За ефикасно, рационално и успешно работење и вршење на сите работи од дејноста на претпријатието, ЈП ХС Злетовица - Пробиштип е организирано во повеќе сектори и одделенија со посебни задачи и активности, и тоа:

1. Сектор за Општи, правни работи и човекови ресурси
   1.1 Одделение за општи работи
   1.2 Одделение за јавни набавки
   1.3 Одделение за безбедност и здравје при работа

2. Сектор за финансиско работење
   2.1 Одделение за сметководство
   2.2 Одделение за финансии

3. Технички сектор
   3.1 Одделението за одржување на брана со придружни објекти и опрема
   3.2 Оделение за одржување на зафати и цевководи
   3.3 Одделението за SCADA систем и оскултација

Во целокупната организација на претпријатието покрај наведените сектори и одделенија постои и тим за подршка на директорот (менаџмент): Главен инженер - Проектантен менаџер, Технички директор, Помошник директор за правни, заеднички работи и човечки ресурси и Помошник директор за економско - финански работи.

*2.3 Табеларен преглед на бројот на вработени во претпријатието во целост со ознака на квалификационата структура и старосна структура*

Преглед на бројот на вработени во претпријатието по сектори на 31.12.2025 година

| РБ | Опис | Неопределено/ Определено/ | Број на враб. |
|---|---|---|---|
| 1 | Директор | Мандат од 4 години | 1 |
| 2 | В.д. Заменик на директор | Мандат 6 месеци | 1 |
| 3 | Тим за подршка на директорот (менаџмент) | | 2 |
| | | неопределено | 1 |
| | | определено | 1 |
| 4 | Сектор за општи, правни работи и човекови ресурси | | 10 |
| | | неопределено | 8 |
| | | определено | 2 |
| 5 | Сектор за финансиско работење | неопределено | 3 |
| 6 | Технички сектор | | 17 |
| | | неопределено | **14** |
| | | определено | **3** |
| | **Вкупно** | | **34** |

Преглед на бројот на вработени на неопределено и определено време во претпријатието по образование на 31.12.2025 година

| РБ | Опис | Вкупен број на вработени | Директор и Тим за подршка на директорот (менаџмент) | Сектор за Општи, правни работи и човекови ресурси | Сектор за финансиско работење | Технички сектор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Доктори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Магистри | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | ВСС | 18 | 4 | 5 | 3 | 6 |
| 4 | ВШС | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | ССС | 16 | 0 | 5 | 0 | 11 |
| 6 | Основно образ. | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **34** | **4** | **10** | **3** | **17** |

Преглед на бројот на вработени во претпријатието по старосна структура на 31.12.2025 година

| РБ | Возраст | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | до 19 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 20 до 24 | 1 | 1 | 2 |
| 3 | 25 до 29 | 1 | 0 | 1 |
| 4 | 30 до 34 | 1 | 1 | 2 |
| 5 | 35 до 39 | 2 | 2 | 4 |
| 6 | 40 до 44 | 2 | 1 | 3 |
| 7 | 45 до 49 | 4 | 3 | 7 |
| 8 | 50 до 54 | 5 | 3 | 8 |
| 9 | 55 до 59 | 7 | 0 | 7 |
| 10 | 60 до 64 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | 65 и повеќе | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно** | **23** | **11** | **34** |

# 3. Извршени работи, деловни активности во 2025 година по сектори

## *3.1 Извршени активности во Техничкиот сектор*

### 3.1.1 Брана Кнежево со придружни објекти и опрема

Во 2025 година на браната Кнежево беа спроведени активности во повеќе насоки, и тоа:

- Секојдневно набљудување на браната, темелен испуст, шахтен преливник со водење на Дневник на брана Кнежево
- Редовно чистење на круната на брана Кнежево
- Редовно чистење на површините пред темелна затварачница и слапиште
- Редовно одржување и сервисирање на резервоар за техничка вода за контролна куќа на брана Кнежево
- Редовно чистење и одржување на V-noch (во кој се отчитуваат протекувањето и собирањето на водата преку основата и страните на телото на браната)
- Сервисирање и одржување на хидромеханичката опрема во гарантниот период
- Сервисирање на дизел - агрегатот 110 kVA за резервно напојување со електрична енергија на брана Кнежево со придружни објекти
- Редовно чистење од наносен материјал (одрони и сипари) на пристапен пат Злетово - брана Кнежево во должина од 20 km
- Редовно чистење и одржување на зафат на Кучешка река
- Редовно чистење и одржување на пристапен пат од круна на брана до зафат на Кучешка река
- Одржување на пропусти на пристапен пат Злетово - брана Кнежево
- Редовни следење на параметрите од техничко набљудување - оскултација на брана Кнежево, и тоа:

- Согласно Правилник за минимално потребните работи и мерки за техничко набљудување на браните, секој ден се врши евидентирање на одредени параметри и појави од мерењата и набљудувањата на браните во посебен дневник.
- Двапати месечно се вршеше мерење на податоци во формат DIGIT на:
  - ✓ Отворени пиезометри (PZ)
  - ✓ Затворени пиезометри во темел на брана - фундаментални (FP)
  - ✓ Затворени пиезометри во тело на брана (DP)
  - ✓ Истекот на вода (V- noch)
  - ✓ Систем за мерење на деформации DSM

За да се обезбеди квалитетно водоснабдување на општините Штип, Пробиштип, Свети Николе и Карбинци, како и во наредниот период на општината Лозово се превземени повеќе активности во делот на санирање на дефекти на објекти, опрема и системи од ХС Злетовица.

За следење на стабилноста на браната се извршија повеќе мерења и испитувања од специјализирани и овластени институции, и тоа:

- Изработка на Елаборат за геодетско мерење на оскултацијата на брана Кнежево, изработен од ЕЛЕМ АД Скопје, Подружница ХЕС Црн Дрим - Струга
- Изработка на Елаборат за сеизмички мониторинг, орджување и сервисирање на инструменти за регистрација на силни земјотреси, изработен од ИЗИИС - Скопје
- Изработка на Елаборат за сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност - индуцирана сеизмичност на брана Кнежево и одржување на сеизмолошка станица, изработен од ПМФ - Скопје
- Изработка на Елаборат за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на браната со придружни објекти и стабилноста на теренот околу браната и акумулацијата Кнежево за 2025 година, изработен од ГЕИНГ ДОО Скопје

- Согласно Правилник за известување на состојбата на нивото и количеството на акумулираните води во акумулациите, како и за количеството на водите што се испуштаат од нив (Службен весник број 8 од Февруари/1999 година) редовно се доставува ХП-1 образецот до Заводот за состојбите на водата во акумулацијата

### 3.1.2 Следење на квалитет на површинска вода од сливот на р. Злетовска и зафатни објекти на ХС Злетовица - Зафат 1, Зафат 3 и акумулација на брана Кнежево

Согласно Уредбата за категоризација на водотеците, езерата и акумулациите и подземните води (Сл. Весник на РМ бр.18/99 и 77/99), Правилникот за безбедност на вода за пиење (Сл.Весник на РМ бр.46/2008 и Сл.Весник на РМ бр.183/2018) и согласно обврските од дозволата за користење на вода (бр.УП1–бр.11-287/17 од 19.04.2018 година), ЈП ХС Злетовица врши редовно следење на квалитетот на испорачаната површинска вода преку независни акредитирани лаборатории.

- Еден пат месечно се врши основна анализа на квалитетот на водата по следните физико-хемиски параметри (температура, боја, матност, pH, Потрошувачкана $KMnO_4$, Електроспроводливост, амонијак, хлориди, нитрати, нитрити, железо, манган, сув остаток и хемиска потрошувачка на $O_2$) и микробиолошки параметри (вкупен број на колиформни бактерии, колиформни бактерии од фекално потекло: вкупен број на аеробни мезофилни бактерии на 37ºC и вкупен број на аеробни мезофилни бактерии на 22ºC, Escherichia coli, интестинални ентерококи, Pseudomonas aeruginosa, сулфитредуцирачки клостридии) од десет мерни места: Зафат Кратово, Акумулација Кнежево, Венечка река, Зеленоградска река, Зафат 1, Мушковска река, под Рибник, река Ештерец, Зафат 3 и место по избор на нарачател.
- Два пати годишно, во две различни сезони Институтот за јавно здравје на Р. Северна Македонија изготви комплексна анализа на површинските води од зафатните објекти на ЈП ХС Злетовица, која што вклучува: мерења на радиоактивност на површинска вода, физичко-хемиски преглед на површински води, пестициди во површинска вода, паразитолошки преглед на површинска вода и микробиолошки преглед на површинска вода.
- Добиените резултати редовно се доставуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на животната средина - Министерство за животна средина и просторно планирање - Државен инспекторат и Сектор води, органите за здравствена заштита - Државен санитарен и здравствен инспекторат, подрачно одделение – Штип и ЈЗУ Инстиут за јавно здравје на Република Северна Македонија и органот надлежен за безбедност на храна - Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.
- Во случај на било какви отстапувања од вредностите на параметрите од интерес, ЈП ХС Злетовица преку независна акредитирана лабораторија врши суперанализа (дополнително следење) на истите.

Со цел подобрување на квалитетот на површинската вода испорачувана од ХС Злетовица се вршат следните активности:

- Редовни теренски обиколки на сливното подрачје на р. Злетовска со цел лоцирање на потенцијални загадувачи, информирање на Инспекциски совет за истите и дејствување со цел нивно остранување
- Согласно Договорот склучен со ЈНУ Хидробиолошки завод - Охрид за изработка на Елаборат за мониторинг на водите од акумулацијата и зафатните објекти, се реализира четири сезонски монторинг на квалитетот на водата. Во 2024 година се направија три сезонски анализи (пролетна, летна, есенска), а останатата една анализа (зимска) ќе се изработи во 2026 година.

### 3.1.3 Извештај за активности во 2025 на зафати и доводни цевководи

Во текот на 2025 година се вршеше редовно одржување на зафатите и цевководите за водоснабдување на општините опфатени со проектот Хидросистем Злетовица.

*3.1.3а На зафатните градби Зафат 1 и Зафат 3 беа преземани следнива активности:*

- Редовно неделно чистење на ѕидовите и дното на таложниците и доводниот канал на Зафат 1 и Зафат 3
- Редовно месечно чистење на мократа комора на Зафат 1
- Чистење на предталожникот на Зафат 3 од наталожен материјал (песок, талог, лисја, гранки и друг отпаден материјал)
- Редовно одржување на хидромеханичката опрема на зафатите и по потреба нејзино сервисирање
- Во периодот на паѓање на лисјата секојдневно чистење на решетките на зафатите за да се обезбеди нормална испорака на вода
- Во услови на ниски температури поради појава на мрзнење се работеше на кршење на мразот за да се обезбеди нормална испорака на вода
- При обилни врнежи поради заматување на реката се вршеше сопирање на испораката на вода од Зафат 1 и Зафат 3, се до нормализирање на состојбата и испораката на вода

*3.1.3б На доводните цевководи беа преземани следнива активности:*

- Периодично дренирање на заедничкиот цевковод и цевководите за водоснабдување на Пробиштип, Штип, Карбинци и Свети Николе.
- Проверка и по потреба сервисирање на воздушните вентили на цевководите
- Редовно одржување на хидромеханичката опрема на влезно-излезните шахти и по потреба нејзино сервисирање
- Редовно одржување на хидромеханичката опрема на приклучоците за наводнување и по потреба нејзино сервисирање
- На цевководот за водоснабдување на Лозово се извршија две санирања на дефект со ламинирање на полиестерска цевка на цевководот DN200
- На цевководот за водоснабдување на Свети Николе се изврши едно санирање на дефект со ламинирање на полиестерска цевка на цевководот DN460

### 3.1.4 Извештај за активности во 2025 за одржување и сервисирање на заедничките објектите и опремата од ХС Злетовица

- Извршен редовен годишен преглед на дизел агрегатите на брана Кнежево, Зафат 1 и Пробиштип
- Сервисирање на дизел агрегатите на брана Кнежево и Пробиштип
- На контролните точки се вршени помали интервенции на опремата за управување и на комуникација
- Поради секојдневната ангажираност на опремата во SCADA центарот се извршени помали и поголеми интервенции на истата опрема

### 3.1.5 Консултантски услуги за Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика од ХС Злетовица, финансирани од грантови средства доделени од ЕИБ

Согласно Договорот за консултантски услуги, Консултантот SWECO AQUA HYDRO Конзорциум има обврска да ја изработи следнава техничка документација за Фаза 2 -наводнување и Фаза 3 - производство на електрична енергија од проектот Злетовица, која е финансирана од грантот во износ од 1.000.000 евра, одобрен од Европската инвестициона банка (ЕИБ), и тоа:

1. Преглед и коментар на претходната техничка документација
2. Ажурирање на Физибилити студија за системот за наводнување - Фаза 2
3. Изработка на Физибилити студија за производство на електрична енергија со мали хидроцентрали (Фаза 3 на ХС Злетовица)
4. Изработка на интегрална економска анализа за системот за наводнување и системот за производство на електрична енергија со мали хидроцентрали, со уважување на карактеристиките на објектите од Фаза 1 - брана со придружни објекти, зафати и цевководи за водоснабдување
5. Изработка на Студија за оценка на влијанието на проектот врз животната средина, за системот за наводнување
6. Изработка на Елаборати за заштита на животната средина, за секоја од малите хидроцентрали посебно
7. Изработка на Основен проект за наводнување
8. Изработка на Основен проект за енергетика
9. Изработка на тендерска документација за изградба на Фаза 2: Систем за наводнување, со потребна документација согласно Директивата на ЕУ за јавна набавка и важечките закони во Република Северна Македонија
10. Изработка на тендерска документација за изградба на Фаза 3: Систем за производство на електрична енергија со мали хидроцентрали, со потребна документација согласно Директивата на ЕУ за јавна набавка и важечките закони во Република Северна Македонија

Од горенаведената техничка документација Консултантот ја изработи комплетно целата документација. Стручниот експертски тим на ЈП ХС Злетовица ја разгледа доставената техничка документација и по нејзино одобрување истата ја достави на разгледување и одобрување до ЕИБ, од каде не се добиени коментари и забелешки по однос на истата.

Од вкупниот износ на грантот односно од 1.000.000 евра, кон Консултантот Конзорциум SWECO AQUA HYDRO е извршена комплетна исплата во 2022 година.

**3.1.5.1 Активности во 2025 година**

Во текот на 2025 година, за успешно реализирање на проектот Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика од ХС Злетовица, се превземаа повеќе мерки и активности, и тоа:

- Одржани се состаноци со надлежните Министерства инволвирани во проектот, со цел да се забрза реализацијата на проектот со отпочнување на постапка за кредитирање за изградба на Фаза 2 - наводнување и Фаза 3 - енергетика од ХС Злетовица

**3.1.5.2 Реализација на Грант од Центарот за Меѓународна Соработка и Развој од Република Словенија во 2025 година**

Во Јуни/2025 година заврши реализација на проектот *Изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево* во вкупна вреност од 30.614.946 денари. Средствата се обезбедени преку грант од Центарот за Меѓународна Соработка и Развој (ЦМСР) од Република Словенија во вредност од 13.837.500 денари, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во вредност од 13.777.500 денари и сопствени средства од ЈП ХС Злетовица во висина од 2.999.946 денари. Хидроцентралата ХЕЦ Б започна со регуларна работа од 01.11.2025 година.

### 3.1.6 Главни технички карактеристики

Воден баланс

| Опис | м.е. | Реализација | | 2025 / 2024 (%) | Струк. 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | | |
| **Влезен волумен на вода во системот** | **м3** | **9.700.075** | **9.631.590** | **99,29** | **100,00** |
| Фактуриран волумен на вода | м3 | 8.883.859 | 8.853.340 | 99,66 | 91,92 |
| Нефактуриран волумен на вода | м3 | 816.216 | 778.250 | 95,35 | 8,08 |
| | | | | | |
| **Фактуриран волумен на вода** | **м3** | **8.883.859** | **8.853.340** | **99,66** | **100,00** |
| Фактурирана вода за пиење | м3 | 8.328.503 | 8.411.538 | 100,99 | 95,01 |
| Фактурирана вода за наводнување | м3 | 555.356 | 441.802 | 79,55 | 4,99 |
| | | | | | |
| **Нефактуриран волумен на вода** | **м3** | **816.216** | **778.250** | **99,35** | **100,00** |
| Измерена нефактурирана вода | м3 | 47.238 | 31.945 | 67,63 | 4,11 |
| Неизмерена нефактурирана вода | м3 | 768.978 | 746.305 | 97,05 | 95,89 |
| | | | | | |
| **Неизмерена нефактурирана вода** | **м3** | **768.978** | **746.305** | **97,05** | **100,00** |
| Оштетена опрема | м3 | 520.380 | 615.840 | 118,34 | 82,52 |
| Дренирање поради матна вода | м3 | 55.764 | 53.148 | 95,31 | 7,12 |
| Дефект на цевководи | м3 | 20.016 | 64.050 | 319,99 | 8,58 |
| Редовно годишно дренирање | м3 | 11.988 | 13.267 | 110,67 | 1,78 |
| Подесување на филтерстаница во Карбинци | м3 | 161.370 | 0 | 0 | 0 |

Индикатори за успешност

| Опис | | 2025 план | 2025 реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Континуитет во снабдувањето | 24/24 | 24/24 |
| 2 | Неприходувана вода | 15,75 % | 8,08 % |
| 3 | Неприходувана вода км.на ден | 57,56m³/km/ден | 23,82m³/km/ден |
| 4 | Ефикасност на наплатата – вода за пиење | 34,00% | 75,96% |
| 5 | Оперативни трошоци за вршење на водната услуга – вода за пиење | 4,37 ден./m³ | 4,02 ден./m³ |
| 6 | Коефициент на испади (пукања) на цевките | 0,1 испади/km/год | 0,02 испади/km/год |
| 7 | Денови на наплата на побарувањата – вода за пиење | 400 дена | 730 дена |
| 8 | Денови на плаќање на обврските | 20 дена | 20 дена |
| 9 | Потрошувачка на енергија | 0,06 kWh/m³ | 0,0114 kWh/m³ |
| 10 | Покривање на трошоците (оперативни) – вода за пиење | 357,00 % | 130,85 % |
| 11 | Покривање на трошоци (оперативни) за наплатени услуги – вода за пиење | 121,00 % | 104,74 % |

број на прекини на водоснабдување поради дефект на доводни цевководи

| 2024 - број на прекини | 2025 - планирани прекини | 2025 - остварени прекини |
|---|---|---|
| 0 | 2 | 0 |

број на приклучоци

| опис | 2025 - број на приклучоци | 2025 - планирани нови приклучоци | 2025 - реализирани нови приклучоци |
|---|---|---|---|
| Водоснабдување | 6 | 0 | 0 |
| Наводнување | 18 | 0 | 0 |

### 3.2 Секторот за финансиско работење - активности и карактеристики

Во 2025 година беа извршени следните активности од Секторот за финансиско работење:

- Книжења на влезни фактури
- Книжења на излезни фактури
- Пресметка на бруто плата
- Пресметка на надомест за Управен одбор и Надзорен одбор
- Пресметка на надомест по основ на патни сметки за присуство на седници на Управен одбор и Надзорен одбор
- Книжења на благајна по основ на сметкопотврди, аванси за патарина за службени патувања во земјата, исплати по основ на потпишани решенија од страна на директор и слично
- Книжења на изводи на сите трансакции од постоечките жиро сметки
- Посета на континуирано професионално усовршување како и посета на семинари од доменот на секторот
- Изготвување на разни пресметки за Директорот на Претпријатието
- Пресметки за ДДВ 04 по месеци за работењето на Претпријатието
- Пресметка на Данок на личен доход за одредени трошоци од работењето за физички лица кои подлежат на овој данок
- Изготвување на финансиски извештаи за тековната година како и Годишна инвестициона програма
- Изготвување на тромесечни извештаи и нивно доствување до Влада на Република Северна Македонија
- Присуство на владини комисии во врска со Финансиските извештаи на ЈП и сл.

### 3.3 Сектор за општи, правни работи и човекови ресурси

Делокругот на работата на Секторот за општи, правни работи и човекови ресурси опфаќа: правна работа, коресподенција, архивирање на документи, подготовка и спроведување на јавни набавки, организирање и спроведување на вработување во претпријатието и водење на кадровската евиденција, магацинско работење, одржување и организирање на возниот парк, безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи, одржување на хигиена и слично.
Во текот на 2025 година Секторот за општи, правни работи и човекови ресурси вршеше:

- ✓ Застапување на јавното претпријатие пред надлежните судски органи, како и другите државни органи
- ✓ Припрема на документација која се однесува на кадровски промени во јавното претпријатие, јавни и интерни огласи и целокупна документација за нивно реализирање
- ✓ Работа со системот ЕСУЧР при МИОА
- ✓ Примање и распоредување на поштата
- ✓ Архивирање на документите, одбирање на архивскиот од документарниот материјал
- ✓ Изготвување план за безбедност и здравје при работа, заштита и спасување, управување со кризи
- ✓ Изготвување на нормативи за лична заштита, спецификација за избор на овластена здравствена установа
- ✓ Организирање на магацинското работење
- ✓ Организирање на возниот парк и хигиената
- ✓ Одржување и поправки на евентуални дефекти на инвентарот на управната зграда
- ✓ Изготвување на решенија, договори, одлуки, писма, известувања, потврди, полномошна, изјави и друго
- ✓ Изготвување на општи акти на претпријатието

- ✓ Изготвување на материјалите за седниците на Управен и Надзорен одбор на јавното претпријатие и изготвување на записниците од нивните седници
- ✓ Изготвување на тендерски документации, објавување на огласите за јавни набавки и водење на постапката по истите на ЕСЈН
- ✓ Водење евиденција за јавните набавки што се вршат по видови на постапки
- ✓ останати работи кои се во делокругот на Секторот за општи, правни работи и човекови ресурси

## 4. Табеларен преглед со коментар за потпишаните и реализираните договори за Јавни набавки во 2025 година

Во Одделението за јавни набавки, лицето задолжено за јавни набавки во текот на 2025 година согласно Законот за јавни набавки ги спроведуваше сите постапки по објавените тендери, кои беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки во 2025 година на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип. Во 2025година следниве набавки завршија со склучување на договор:

| рб | Број на оглас | Предмет на договорот за јавна набавка | Вид на договорот за јавна набавка | Вредност на договорот со ДДВ (денари) | Арх.број на договорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 02111/2025 | Моторни бензини, дизел гориво, лесно масло за горење(ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (LPG) | Стоки | 1.450.000,00 | 03-158/1 од 07.03.2025 година |
| 2 | 02322/2025 | Објавување на јавни огласи | услуги | 200.000,00 денари | 03-156 од 07.03.2025 година |
| 3 | 02854/2025 | Изработка на техничка документација за реализација на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица -изработка на урбанистички проект за инфраструктурни водови (10/20/kv кабелски вод) вон опфат на урбанистички проект со ревизија за хидроцентрала ХЕЦ Б | услуги | 73.861,00 денари | 03-184/1 од 25.03.2025 година |
| 4 | 02856/2025 | Услуга за фиксна телефонија, интернет и WEB простор | услуги | 150.096,00 | 03-159/1 од 07.03.2025 година |
| 5 | 04029/2025 | Редовна годишна комплексна анализа на водата | услуги | 114.300,00 | 03-185/1 од 25.03.2025 година |
| 6 | 04070/2025 | Работни униформи и обувки ЛСЗ | стоки | 300.000,00 денари | 03-183/1 од 25.03.2025 година |
| 7 | 04785/2025 | Набавка на полиестерски цевки за одржување на цевководи за водоснабдување | стоки | 400.000,00 денари | 03-171/4 од 14.04.2025 година |
| 8 | 04853/2025 | Потрошен канцелариски материјал | стоки | 115.844,00 денари | 03-173/4 од 14.04.2025 година |
| 9 | 05545/2025 | Месечна анализана површинските води на ниво на основна анализа | услуги | 266.400,00 денари | 03-224/1 од 16.04.2025 година |
| 10 | 05617/2025 | Материјал за чистење и одржување у трошоци за репрезентација во просториите на ЈП ХС Злетовица | стоки | 239.894,00 денари | 03-186/4 од 14.04.2025 година |
| 11 | 06309/2025 | Санација (заштита) на заедничкиот цевковод во речното корито на река Злетовица | работи | 2.793.848,00 денари | 03-299/1 од 19.05.2025 година |
| 12 | 06330/2025 | Надзор на инвестициони активности | услуги | 0,01% од вредноста | 03-300/1 од 19.05.2025 година |
| 13 | 07095/2025 | Набавка, монтажа и ставање во функција на сонди - акцелографи на брана Кнежево | стоки | 2.793.848,00 денари | 03-225/4 од 21.05.2025 година |
| 14 | 07906/2025 | Набавка на хидромеханичка опрема за замена на оштетена опрема на објекти на ХС Злетовица | стоки | 979.164,00 денари | 03-247/4 од 12.06.2025 година |
| 15 | 08165/2025 | Одржување сервисирање на службени возила и набавка на авто гуми и гуми за градежни машини | услуги | 1.920.000,00 денари | 03-246/4 од 20.06.2025 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 08247/2025 | Набавка на реагенси за лабораторија | стоки | 89.762,00 денари | 03-267/4 од 29.05.2025 година |
| 17 | 09341/2025 | Набавка на компјутери со лиценциран софтвер, компјутерска опрема и видео и аудио опрема за видео и аудио on - line состаноци преку видео конференциска врска | стоки | 383.565,00 денари | 03-312/4 од 19.06.2025 година |
| 18 | 08388/2025 | Надворешно и внатрешно санирање на објекти од ХС Злетовица | услуги | 500.000,00 денари | 03-312/4 од 19.06.2025 година |
| 19 | 09653/2025 | Ангажирање на овластена фирма за изработка на техничка документација и водење на постапка за добивање на одобрение за градење на лабораторија на Зафат 3 | услуги | 799.450,00 денари | 03-402/2 од 07.07.2025 година |
| 20 | 11246/2025 | Одржување на централна климатизација во административно управниот објект во Пробиштип | услуги | 298.717,00 денари | 03-412/1 од 14.07.2025 година |
| 21 | 11886/2025 | Одржување на дизел агрегати | услуги | 145.000,00 денари | 03-389/4 од 14.07.2025 година |
| 22 | 15091/2025 | Изработка на годишна студија за квалитет на вода од вертикален профил на акумулацијата заедно со крајбрежниот и длабински сегмент | услуги | 537.844,00 денари | 03-474/5 од 29.08.2025 година |
| 23 | 15182/2025 | Сукцесивна набавка на електрична енергија | стоки | 1.800.000,00 денари | 03-546/1 од 22.09.2025 година |
| 24 | 19145/2025 | Одржување на електроенергетски објекти и инсталации | услуги | 500.000,00 денари | 03-608/4 од 12.11.2025 година |
| 25 | 19207/2025 | Одржување на зафати, доводни цевководи и шахти | услуги | 500.000,00 денари | 03-607/4 од 11.11.2025 година |
| 26 | 19575/2025 | Услуги за мобилна телефонија | услуги | 1.000.000,00 денари | 03-620/4 од 21.11.2025 година |
| 27 | 21220/2025 | Потрошни резервни делови и материјали за одржување на имот | стоки | 300.000,00 денари | 03-671/4 од 10.12.2025 година |
| 28 | 21780/2025 | Изработка на елаборат за анализа и оценка на стабилноста и функционалноста на браната со придружните објекти и акумулацијата | услуги | 148.680,00 денари | 03-682/4 од 24.12.2025 година |
| 29 | 21846/2025 | Сеизмички мониторинг, одржување и сервисирање на инструменти за регистрација на силни земјотреси инсталирани на браната Кнежево | услуги | 295.000,00 денари | 03-684/4 од 24.12.2025 година |
| 30 | 21849/2025 | Сеизмичко набљудување за следење на сеизмичката активност–индуцирана сеизмичност на брана Кнежево и одржување на сеизмолошка станица | услуги | 209.981,00 денари | 03-685/4 од 24.12.2025 година |
| 31 | 22907/2025 | Одржување на ПП апарати и хидранти | услуги | 45.000,00 денари | 03-58/1 од 14.01.2026 година |
| 32 | 23360/2025 | Ревизија на финансиските извештаи | услуги | 199.420,00 денари | 04-34/3 од 16.01.2026 година |
| 33 | Посебни услуги | Хотелски и угостителски услуги | услуги | 300.000,00 денари | 03-533 од 02.10.2025 година |

Во 2025 година во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип, 33 (триесет и три) постапки за јавни набавки завршија со склучување на договор.

Од 33 (триесет и три) јавни набавки, за кои има склучено договор:

- 21 (дваесет и една) се за набавка на услуги
- 11 (единаесет) се за набавка на стоки
- 1 (една) за набавка на работи

# 5. Финансиска состојба

## 5.1 Биланс на успех (*Резултат од работа)*

Резултатот од работата на Претпријатието во 2025 година покажува загуба од **117.835.334 денари** која произлегува во најголема мера од високиот износ на амортизација од 143.731.987 денари. Резултатот од работата без амортизација и без донации покажува добивка од 12.059.153 денари.

| РБ | БИЛАНС НА УСПЕХ | Остварено | План | Остварено | Споредба | Споредба | Структ. анализа 2025 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | 2025 | оств. 2025 / оств. 2024 (%) | оств. 2025 / план. 2025 (%) | |
| 29 | Приходи од продажба | 43.762.251 | 51.750.590 | 46.765.383 | 106,86 | 90,37 | 71,31 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 1.331.935 | 13.977.500 | 16.349.024 | 1227,46 | 116,97 | 24,93 |
| 31 | **Вкупно оперативни приходи** (29+30) | **45.094.186** | **65.728.090** | **63.114.407** | **139,96** | **96,02** | **96,24** |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 3.618.978 | 3.711.058 | 4.011.284 | 110,84 | 108,09 | 2,19 |
| 33 | Трошоци за вработените | 21.534.219 | 26.002.115 | 25.137.469 | 116,73 | 96,67 | 13,71 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 145.048.036 | 145.000.000 | 143.731.987 | 99,09 | 99,13 | 78,37 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни сред. | 10 | | | | | |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | | | | | | |
| 37 | Останати оперативни расходи | 8.948.450 | 11.033.671 | 10.529.749 | 117,67 | 95,43 | 5,74 |
| 38 | **Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37) | **179.149.693** | **185.746.844** | **183.410.489** | **102,38** | **98,74** | ***99,999*** |
| 39 | **Загуба од оперативно работење** (31-38) | **-134.055.507** | **-120.018.754** | **-120.296.082** | **89,74** | **100,23** | |
| 40 | Приходи од финансирање | 2.349.075 | 2.002.000 | 2.463.032 | 104,85 | 123,03 | **3,76** |
| 41 | Расходи од финансирање | 1.160 | 10.000 | 2.284 | 196,90 | 22,84 | ***0,001*** |
| 42 | **Загуба пред оданочување** (39+40-41) | **-131.707.592** | **-118.026.754** | **-117.835.334** | **89,47** | **99,84** | |
| 43 | Данок на добивка | | | | | | |
| 44 | **Нето добивка / загуба** | **-131.707.592** | **-118.026.754** | **-117.835.334** | **89,47** | **99,84** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ (31 + 40) | 47.443.261 | 67.730.090 | 65.577.439 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ (38 + 41) | 179.150.853 | 185.756.844 | 183.412.773 |
| **РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТАТА** | **-131.707.592** | **-118.026.754** | **-117.835.334** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ БЕЗ ДОНАЦИИ (31 + 40) (- 13.837.500 во планирано и остварено) | 47.443.261 | 53.892.590 | 51.739.939 |
| ТРОШОЦИ БЕЗ АМОРТИЗАЦИЈА (38 + 41 - 34) | 34.102.817 | 40.756.844 | 39.680.786 |
| **Резултат од работа без амортизација и без донации** | **13.340.444** | **13.135.746** | **12.059.153** |

***Вкупни приходи***

Вкупните приходи во 2025 година изнесуваат **65.577.439 денари** што претставува зголемување од 38,22 % во однос на приходите во 2024 година. Зголемувањето призлегува пред се од приходите од донации кои во 2025 година изнесуваат 13.837.500 денари а во 2024 такви приходи не се остварени. Остварените вкупни приходи во 2025 година се помали за 3,18 % во однос на приходите планирани во 2025 година а намалениот процент произлегува пред се од помалите остварени приходи од продажба на вода за пиење и помалите приходи од продажба на електрична енергија.

Најзначајни приходи во 2025 година се оставрените приходи од продажба на вода за пиење кои изнесуваат 44.244.781 денари односно структурално 67,47% од вкупните приходи.

Во 2025 година се продадени 8.411.538м³ сирова вода за пиење и 441.802м³ вода за наводнување по цена од 5,52 денари за 1м³ вода.

Во 2024 година се продадени 8.328.503м³ сирова вода за пиење и 555.356м³ вода за наводнување по цена од 5,17 денари за 1м³ вода.

Аналитички приходите се прикажани во наредната табела:

| РБ | СПЕЦИФИЦИРАНИ ПРИХОДИ | Остварено 2024 | План 2025 | Остварено 2025 | Споре-дба оств. 2025 / оств. 2024 (%) | Споре-дба оств. 2025 / план. 2025 (%) | Структурна анализа 2025 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од дејноста | | | | | | | |
| 1 | Приход од вода за пиење | 41.007.964 | 47.041.595 | 44.244.781 | 107,89 | 94,05 | 67,47 |
| 2 | Приход од вода за наводнување | 2.734.467 | 2.857.143 | 2.323.878 | 84,98 | 81,34 | 3,54 |
| 3 | Приход од продажба на струја | 19.820 | 1.851.852 | 196.724 | 992,55 | 10,62 | 0,30 |
| **4** | **Приходи од продажба (1+2+3)** | **43.762.251** | **51.750.590** | **46.765.383** | **106,86** | **90,37** | **71,31** |
| 5 | Приход од вредносно усогласув. на земјиште | 330.821 | | 1.905.882 | 576,11 | | 2,91 |
| 6 | Приход од вишоци на средства при попис | 131.595 | | | | | |
| 7 | Приход од наплата по судски одлуки | 96.248 | 100.000 | 138.098 | 143,48 | 138,10 | 0,21 |
| 8 | Приход од поранешни години | 598 | | | | | |
| 9 | Приход од заменет имот ставен на залиха | 274.713 | | 23.142 | 8,42 | | 0,04 |
| 10 | Приход од субвенции за мобилни апарати | | | 333.710 | | | 0,51 |
| 11 | Приход од доплата на вработ. за моб. апарати | | | 110.690 | | | 0,17 |
| 12 | Приходи од Буџет на РСМ | 497.960 | | | | | |
| 13 | Приход од донации - ЦМСР | | 13.837.500 | 13.837.500 | | 100,00 | 21,10 |
| 14 | Останати онеспоменати приходи | | 40.000 | 2 | | 0,01 | 0,000003 |
| **15** | **Останати оперативни приходи (од 5 до 14)** | **1.331.935** | **13.977.500** | **16.349.024** | **1.227,46** | **116,97** | **24,93** |
| Финансиски приходи | | | | | | | |
| 16 | Приход од камати од купопродажни односи | 2.347.782 | 2.000.000 | 2.458.960 | 104,74 | 122,95 | 3,75 |
| 17 | Приход од камати од деловни банки | 1.293 | 2.000 | 4.072 | 314,93 | 203,60 | 0,006 |
| **18** | **Финансиски приходи (16 + 17)** | **2.349.075** | **2.002.000** | **2.463.032** | **104,85** | **123,03** | **3,76** |
| **19** | **Вкупно приходи (4+15+18)** | **47.443.261** | **67.730.090** | **65.577.439** | **138,22** | **96,82** | **100,00** |

***Вкупни расходи***

**Вкупните расходи во** 2025 **година изнесуваат 183.412.773 денари** што претставува зголемување за 2,38% во однос на 2024 година а намалување од 1,26% во однос на планираното за 2025 година.

Ако се земат во обзир расходите без амортизација тие во 2025 година изнесуваат **39.680.786 денари** што претставува зголемување за 16,35% во однос на 2024 година и намалување за 2,64% во однос на планираното за 2025 година.

Амортизацијата е најголем трошок во износ од 143.731.987 денари односно 80,96% од вкупните трошоци во 2025 година.

Аналитички трошоците се прикажани во наредната табела:

| РБ | СПЕЦИФИЦИРАНИ РАСХОДИ | ОСТВАРЕНО 2024 | ПЛАНИРАНО 2025 | ОСТВАРЕНО 2025 | Споредба оств. 2025 / оств. 2024 (%) | Споредба оств. 2025 / план. 2025(%) | Структурна анал. 2025 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **401** | **Трошоци за материјали** | **324.866** | **598.305** | **518.714** | **159,67** | **86,70** | **0,28** |
| 4010 | Потрошен канцалариски материјал | 206.065 | 98.305 | 96.338 | 46,75 | 98,00 | 0,05 |
| 4011 | Материјали за чистење и одржување | 100.901 | 101.695 | 100.001 | 99,11 | 98,33 | 0,05 |
| 4014 | Работни униформи и обувки - ЛЗС | 17.900 | 313.559 | 255.903 | 1.429,63 | 81,61 | 0,14 |
| 4019 | Набавка на реагенси за лабараторија | | 84.746 | 66.472 | | 78,44 | 0,04 |
| **403** | **Трошоци за енергија** | **2.081.164** | **2.329.702** | **2.239.739** | **107,62** | **96,14** | **1,22** |
| 4030 | Електрична енергија | 1.165.428 | 1.186.441 | 1.384.227 | 118,77 | 116,67 | 0,75 |
| 4031 | Плин | 8.549 | 42.373 | | | | |
| 4032 | Масло за горење ЕЛ-1 | 243.671 | 338.983 | 295.223 | 121,16 | 87,09 | 0,16 |
| 4033 | Трошоци за гориво | 663.516 | 761.905 | 560.289 | 84,44 | 73,54 | 0,31 |
| **405** | **Трош.за потрошен материјал и резервни делови** | **195.970** | **254.237** | **173.579** | **88,57** | **68,27** | **0,09** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40501 | Потрошени материјали и резервни делови за одржување на средства | 195.970 | 254.237 | 55.208 | 28,17 | 21,72 | 0,03 |
| 40502 | Потрошени материјали и резервни делови за одржување на имот од магацин | | | 118.371 | | | 0,06 |
| **408** | **Трошоци за ситен инвентар и автогуми** | **1.016.978** | **528.814** | **1.079.252** | **106,12** | **204,09** | **0,59** |
| 40801 | Трошок за ситен инвентар | 240.916 | 127.119 | 104.579 | 43,41 | 82,27 | 0,06 |
| 40802 | Трош.за СИ од вишок од попис | 68.036 | | | | | |
| 40803 | Трош.за СИ од ФП | 132.905 | | | | | |
| 40804 | Трош.за СИ од ГИП | 501.264 | | 158.813 | 31,68 | | 0,09 |
| 40805 | Трош.за СИ од субвенции и доплата од вработени за мобилни телефони | | | 221.440 | | | 0,12 |
| 40806 | Трош.за СИ од магацин | | | 128.840 | | | 0,07 |
| 40807 | Трош.за СИ од пренос од ОС | | | 229.439 | | | 0,13 |
| 40811 | Трошок за автогуми за леки коли | 73.857 | 300.000 | 236.141 | 319,73 | 78,71 | 0,13 |
| 40812 | Трошок за автогуми за градежни машини | | 101.695 | | | | |
| **410** | **Транспортни услуги** | **300** | **8.475** | **0** | | | |
| 4101 | Транспортни услуги во патниот сообраќај | 300 | 8.475 | | | | |
| **411** | **Поштенски, телефонски и интернет услуги** | **479.579** | **549.237** | **491.164** | **102,42** | **89,43** | **0,27** |
| 41101 | Услуги за фиксна телефонија | 60.000 | 63.559 | 60.000 | 100,00 | 94,40 | 0,03 |
| 41102 | Услуги за мобилна телефонија | 380.881 | 423.729 | 390.397 | 102,50 | 92,13 | 0,21 |
| 4111 | Услуги за GPRS комуникација за SCADA ситем | | 16.949 | | | | |
| 4112 | Поштарина (писма и други пратки) | 38.698 | 45.000 | 40.767 | 105,35 | 90,59 | 0,02 |
| **413** | **Услуги за одржување и заштита** | **3.963.526** | **5.004.660** | **2.171.728** | **54,79** | **43,39** | **1,18** |
| 41301 | Одржување на зафати, цевководи и шахти | 226.340 | 423.729 | 421.060 | 186,03 | 99,37 | 0,23 |
| 41302 | Одржување на зафати, цевководи и шахти - ГИП | 1.538.818 | | | | | |
| 41303 | Одржување на електроенергетски објекти и електрични инсталации | 376.520 | 423.729 | 155.200 | 41,22 | 36,63 | 0,08 |
| 41304 | Одржување на возила | 480.959 | 1.271.186 | 454.599 | 94,52 | 35,76 | 0,25 |
| 41305 | Надворешни и внатрешно санирање на објекти | 81.590 | 423.729 | 423.600 | 519,18 | 99,97 | 0,23 |
| 41306 | Одржување на ХМО на објекти на ХС Злетовица | | 142.373 | | | | |
| 41307 | Одржување на СЦАДА системот | | 423.729 | | | | |
| 41308 | Метало-браварски услуги | | 122.881 | 5.000 | | 4,07 | 0,003 |
| 41309 | Одржување на постројки и опрема (копири, мобилни телефони и др.) | 36.380 | 122.881 | 38.136 | 104,83 | 31,03 | 0,02 |
| 41310 | Одрж.на централна климатизација и клима уреди | 383.628 | 254.237 | | | | |
| 41311 | Одржување на УПС-и вградени во ХС Злетовица | | 122.881 | | | | |
| 41312 | Одржување на дизел агрегати | 25.424 | 122.881 | 51.760 | 203,59 | 42,12 | 0,03 |
| 41313 | Одржување на дигалки во темелна затварачница | | 122.881 | | | | |
| 41314 | Одржување и доградба на WEB страна | | 25.424 | 1.280 | | 5,03 | 0,001 |
| 41315 | Одржување на катодна заштита на цевководи | | 25.424 | | | | |
| 41316 | Одржување на книговодствен програм | 35.592 | 43.220 | 43.220 | 121,43 | 100,00 | 0,02 |
| 41317 | Одржување на ПП апарати | | 38.136 | 28.323 | | 74,27 | 0,02 |
| 41318 | Одржување на системот за зафаќање на нечистотии на Зафат 3 | | 169.492 | | | | |
| 41319 | Одржување на биоклинери | | 42.373 | | | | |
| 41320 | Сервисирање на AUMI мотори за далечинско управување на Зафат 1 и Зафат 3 | | 550.847 | 549.550 | | 99,76 | 0,30 |
| 41321 | Одржување на систем за видео надзор, текомуникациони системи и слично | | 98.729 | | | | |
| 41322 | Одржување на пристепен пат до брана - ГИП | 767.775 | | | | | |
| 41323 | Одржување на ХМО во темелна затварачница на брана Кнежево | 10.500 | | | | | |
| 41324 | Останато неспоменато одржување | | 33.898 | | | | |
| **414** | **Останати наемнини - закуп за радиофрекфенции** | **22.140** | **25.424** | **22.193** | **100,24** | **87,29** | **0,01** |
| 4145 | Наемнина за закуп на радиофрекфенции | 22.140 | 25.424 | 22.193 | 100,24 | 87,29 | 0,01 |
| **415** | **Комунални услуги** | **73.572** | **125.989** | **109.683** | **149,08** | **87,06** | **0,06** |
| 4150 | Трошоци за вода и смет | 58.572 | 66.667 | 59.683 | 101,90 | 89,52 | 0,03 |
| 4154 | Услуги за дератизатизација | 15.000 | 59.322 | 50.000 | 333,33 | 84,29 | 0,03 |
| **417** | **Трошоци за реклама, промоција и саеми** | **102.954** | **25.424** | **0** | | | |
| 4170 | Трош.за реклама, промоција и саеми – фин. план | | 25.424 | | | | |
| 4171 | Трошоци за реклама, промоција и саеми - ГИП | 102.954 | | | | | |
| **419** | **Останати услуги** | **1.417.530** | **2.307.205** | **1.455.581** | **102,68** | **63,09** | **0,79** |
| 41901 | Редовна месечна анализа на површинските води на ниво на основна анализа | 220.632 | 270.000 | 266.400 | 120,74 | 98,67 | 0,15 |
| 41902 | Редовна годишна комплексна анализа на површинска вода | 84.000 | 200.000 | 57.150 | 68,04 | 28,58 | 0,03 |
| 41903 | Вонредни анализи на површинска вода | | 30.000 | | | | |
| 41904 | Изработка на годишна студија за квалитет на вода од вертикален профил на акумулацијата со крајбрежниот и длабински сегмент | 341.850 | 466.102 | 227.900 | 66,67 | 48,89 | 0,12 |
| 41905 | Сеизмички мониторинг,одржување и сервисирање на инструменти за регистрација на **силни земјотреси** на брана Кнежево | 250.000 | 296.610 | 250.000 | 100,00 | 84,29 | 0,14 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41906 | Набљудување на сеизмичка активност - **индуцирана сеизмичност** на брана Кнежево и одржување на сеизмолошка станица | 177.950 | 237.288 | 177.950 | 100,00 | 74,99 | 0,10 |
| 41907 | Изработка на геодетски **елаборат за оскултација** на браната Кнежево | 87.644 | 127.119 | 90.082 | 102,78 | 70,86 | 0,05 |
| 41908 | Изработка на елаборат за следење на **наносот во акумулацијата** на брана Кнежево | | | | | | |
| 41909 | Изработка на елаборат за анализа и оценка на **стабилноста и функционалноста на брана** Кнежево и придружните објекти | 48.500 | 127.119 | 126.000 | 259,79 | 99,12 | 0,07 |
| 41910 | Годишен преглед на дизелагрегатите | | 25.424 | 9.000 | | 35,40 | 0,005 |
| 41911 | Годишен преглед на градежни машини | 24.615 | 38.136 | 6.617 | 26,88 | 17,35 | 0,004 |
| 41912 | Годишен преглед на дигалки во темелна затварач. | | 25.424 | | | | |
| 41913 | Дијагностика и калибрација на инструменти | | 84.746 | 37.500 | | 44,25 | 0,02 |
| 41914 | Редовен периодичен (на пет години) преглед на катодна заштита на цевководи со извештај | | 122.881 | | | | |
| 41915 | Такса за истакнување на фирма | 6.000 | 6.000 | 6.000 | 100,00 | 100,00 | 0,003 |
| 41916 | Регистрација на возила со авто одговорност | 100.936 | 164.762 | 117.711 | 116,62 | 71,44 | 0,06 |
| 41917 | Трошоци за фотокопирање, преписи и слично | 255 | 8.475 | | | | |
| 41918 | Стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа | 21.300 | 34.746 | 9.000 | 42,25 | 25,90 | 0,005 |
| 41919 | Услуги за исклучување и вклучување на далекуводи и трафостаници | 16.848 | 16.949 | | | | |
| 41920 | Останати неспоменати услуги | 37.000 | 25.424 | 74.271 | 200,73 | 292,13 | 0,04 |
| **421** | **Плата и надоместоци на плата** | **20.140.810** | **24.473.325** | **23.807.708** | **118,21** | **97,28** | **12,98** |
| 421 | Плата и надоместоци на плата | 20.140.810 | 24.473.325 | 23.807.708 | 118,21 | 97,28 | 12,98 |
| **422** | **Останати трошоци за вработените** | **1.215.146** | **1.027.181** | **1.071.137** | **88,15** | **104,28** | **0,58** |
| 4220 | Отпремнина за заминување во пензија | | 83.076 | 83.076 | | 100,00 | 0,05 |
| 4221 | Јубилејни награди | 264.980 | 45.829 | 45.829 | 17,30 | 100,00 | 0,02 |
| 4222 | Регрес за годишен одмор | 732.270 | 797.268 | 797.268 | 108,88 | 100,00 | 0,43 |
| 4223 | Помош во случај на смрт на член на пот.семејство | 120.708 | | 43.956 | 36,42 | | 0,02 |
| 4224 | Надомест за превоз од и до работа | 74.358 | | | | | |
| 4225 | Други видови награди за вработени | 22.830 | 101.008 | 101.008 | 442,44 | 100,00 | 0,06 |
| **440** | **Дневници и др.трош.за службени патувања** | **133.063** | **358.389** | **123.646** | **92,92** | **34,50** | **0,07** |
| 4400 | Дневници за службени патувања во земјата | 93.250 | 100.000 | 75.500 | 80,97 | 75,50 | 0,04 |
| 4401 | Дневници за службени патувања во странство | 6.918 | 60.000 | 11.524 | 166,58 | 19,21 | 0,01 |
| 4402 | Трош.за превоз за службени патувања во земјата | | 2.542 | | | | |
| 4403 | Трош.за превоз за служ.патувања во странство | | 50.847 | | | | |
| 4404 | Трош.за ноќевања за служ.патувања во земјата | | 50.000 | | | | |
| 4405 | Трош.за нокевања за служ.патувања во странство | | 50.000 | | | | |
| 4406 | Патарини, паркирања и слични трошоци | 32.895 | 45.000 | 36.622 | 111,33 | 81,38 | 0,02 |
| **441** | **Надоместоци на трошоци на вработените** | **45.200** | **143.220** | **134.978** | **298,62** | **94,25** | **0,07** |
| 4414 | Трошоци за систематски и лекарски прегледи | 6.400 | 32.000 | 30.800 | 481,25 | 96,25 | 0,02 |
| 4415 | Трош.за образ., симпозиуми, семинари и сл. | 31.000 | 93.220 | 60.381 | 194,78 | 64,77 | 0,03 |
| 44151 | Трошоци за едукација - ГИП | | | 25.797 | | | 0,01 |
| 44171 | Членарина за овластен сметководител | 7.800 | 18.000 | 18.000 | 230,77 | 100,00 | 0,01 |
| **442** | **Надомест и др. примања на членови на УО и НО** | **909.567** | **983.000** | **958.840** | **105,42** | **97,54** | **0,52** |
| 4420 | Надомест на членови на УО и НО | 905.732 | 973.000 | 958.840 | 105,86 | 98,54 | 0,52 |
| 4422 | Трош.за превоз на членови на УО и НО | 3.835 | 10.000 | | | | |
| **444** | **Трошоци за репрезентација** | **235.160** | **520.000** | **296.989** | **126,29** | **57,11** | **0,16** |
| 44401 | Трош.за репрезентација во угостителски објекти | 119.359 | 350.000 | 138.730 | 116,23 | 39,64 | 0,08 |
| 44402 | Трошоци за репрезентација во административно-деловен објект | 115.801 | 120.000 | 121.898 | 105,27 | 101,58 | 0,07 |
| 44403 | Трош.за репрезент.за календари, пенкала и др. | | 50.000 | 36.361 | | 72,72 | 0,02 |
| **445** | **Трошоци за осигурување на имот** | **62.396** | **80.000** | **48.403** | **77,57** | **60,50** | **0,03** |
| 4451 | Трошоци за осигурување на материјални средства | 62.396 | 80.000 | 48.403 | 77,57 | 60,50 | 0,03 |
| **446** | **Банкарски услуги** | **167.207** | **182.907** | **169.537** | **101,39** | **92,69** | **0,09** |
| 4460 | Банкарски услуги (водење на сметки) | 73.250 | 82.000 | 73.795 | 100,74 | 89,99 | 0,04 |
| 4462 | Трошоци за платен промет (банкарски провизии) | 23.853 | 25.000 | 28.588 | 119,85 | 114,35 | 0,02 |
| 4463 | Трош. за платен промет во странство | 61.304 | 61.500 | 61.304 | 100,00 | 99,68 | 0,03 |
| 4469 | Ост. банк. услуги (пресметка на каматни листи) | 8.800 | 14.407 | 5.850 | 66,48 | 40,61 | 0,003 |
| **447** | **Административни, судски такси и членарини** | **114.976** | **273.000** | **142.004** | **123,51** | **52,02** | **0,08** |
| 4473 | Членарина на здруженија, фондации и сојузи | 31.115 | 35.000 | 34.015 | 109,32 | 97,19 | 0,02 |
| 44781 | Трошоци за административни такси | 13.089 | 120.000 | 26.996 | 206,25 | 22,50 | 0,01 |
| 44782 | Трошоци за судски такси | 54.452 | 100.000 | 64.100 | 117,72 | 64,10 | 0,03 |
| 44792 | Такса за финансирање на РКЕ | 16.320 | 18.000 | 16.893 | 103,51 | 93,85 | 0,01 |
| **449** | **Останати трошоци** | **466.483** | **898.350** | **574.593** | **123,18** | **63,96** | **0,31** |
| 44901 | Трошоци за договор за дело | 50.370 | 30.000 | 1.333 | 2,65 | 4,44 | 0,00 |
| 44902 | Ревизија на финансиски извештаи | 47.500 | 169.492 | 142.000 | 298,95 | 83,78 | 0,08 |
| 44903 | Трошоци за јавни огласи,имотни листови и сл. | 165.729 | 169.492 | 255.854 | 154,38 | 150,95 | 0,14 |
| 44904 | Адвокатски услуги | 45.990 | 150.000 | 82.660 | 179,73 | 55,11 | 0,05 |
| 44905 | Трош.за прирачници,часописи,стручна литерат. | 27.803 | 42.373 | 27.803 | 100,00 | 65,61 | 0,02 |
| 44906 | Трошоци за овластени преведувачи | | 5.000 | | | | |
| 44907 | Услуги за вештачење | 8.000 | 30.000 | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 44908 | Елаборат за експропријација за Фаза 1 | | 12.712 | | | | |
| 44909 | Нотарски услуги | 27.980 | 100.000 | 44.043 | 157,41 | 44,04 | 0,02 |
| 44910 | Трошоци за извршители | | 30.000 | | | | |
| 44911 | Токени за електр. потписи и електр. банкарство | 20.933 | 21.186 | 20.900 | 99,84 | 98,65 | 0,01 |
| 44912 | Авторски хонорари | 72.178 | 138.095 | | | | |
| **45** | **Вредносно усогласување** | **10** | **0** | **0** | | | |
| 4520 | Вредносно усогласување на земјиште | 10 | | | | | |
| **460** | **Загуби од расходирање на средства** | **344.118** | **0** | **625.009** | **181,63** | | **0,34** |
| 4601 | Неотпишана вредност на расходирани средства | 344.118 | | 625.009 | 181,63 | | 0,34 |
| **468** | **Казни, пенали, надоместоци на штети и друго** | **2.000** | **50.000** | **0** | | | |
| 4683 | Надомест на штети | | 50.000 | | | | |
| 4685 | Останати казни, пенали и надоместоци | 2.000 | | | | | |
| **469** | **Останати расходи од работењето** | **586.942** | **0** | **3.464.025** | **590,18** | | **1,89** |
| 4691 | Трошоци од поранешни години | 586.942 | | 3.453.068 | 588,32 | | 1,88 |
| 4692 | Трошоци за лиценци со важност до 1 година | | | 10.525 | | | 0,01 |
| 4693 | Корекција во книжење од мината година | | | 432 | | | |
| **474** | **Расходи по основ на камати** | **1.160** | **10.000** | **2.284** | **196,90** | **22,84** | **0,001** |
| 4744 | Камата од купопродажни односи | 1.160 | 5.000 | 2.284 | 196,90 | 45,68 | 0,001 |
| 4745 | Камата од ненавремено плакање на јавни давчки | | 5.000 | | | | |
| **I** | **Вкупно расходи без амортизација** | **34.102.817** | **40.756.844** | **39.680.786** | **116,36** | **97,36** | **21,63** |
| **II** | **Амортизација** | **145.048.036** | **145.000.000** | **143.731.987** | **99,09** | **99,13** | **78,37** |
| **III** | **Вкупно расходи (I + II)** | **179.150.853** | **185.756.844** | **183.412.773** | **102,38** | **98,74** | **100,00** |

***Конто 401*** - Трошоци за материјали ги содржи канцелариските материјали, материјалите за чистење и одржување на хигиена, работни униформи и обувки - ЛЗС за работниците и набавка на реагенси за лабораторија. За 2025 година овој трошок е на износ од 518.714 денари и е зголемен за 59,67 % во однос на 2024 година. Зголемувањето е резултат на зголемени пазарни цени, а и бидејки во 2024 година немаше набавка на реагенси за лабораторија и согласно правилникот за лични заштитни средства во 2025 година се набавија работни униформи и обувки – ЛЗС за сите вработени во Јавното претпријатие.

***Конто 403*** - Трошоци за енергија ја содржи електричната енергија, сите видови на погонско гориво за возилата, плин и масло за горење ЕЛ-1. Во 2025 година овој трошок е на износ од 2.239.739 денари и е зголемен за 7,62 % во однос на 2024 година. Зголемувањето е резултат на зголемени пазарни цени.

***Конто 405*** – Трошоци за потрошен материјал и резервни делови во најголем дел опфаќа материјали и резервни делови за одржување на средства, уреди и опрема од кои дел се набавени во оваа година а дел се повлечени и потрошени од магацин. Во 2025 година овој трошок е на износ од 173.579 денари и е во мал износ и од планираното за 2025 година и од потрошеното во 2024 година.

***Конто 408*** – Трошоците за ситен инвентар и автогуми се направени во вкупен износ од 1.016.978 денари и се поголеми за 6,12% во однос на 2024 година и 104,09% во однос на планираното во 2025 година. Во овие трошоци влегуваат:

- **40801** - ситен инвентар набавен од самото конто во износ од 104.579 денари, како што се ласери со оптички влакна, продолжни кабли, рутери, принтери, рефлектори, хефталици, шрафцигери, калкулатори, тример и друго и за истите се потрошени финансиски средства во оваа година
- **40804** - ситен инвентар набавен при реализација на Т18 од ГИП, дел нови инвестиции, со назив Изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б, набавен е ситен инвентар со вредност од 158.813 денари, како што се противпожарни хидранти, стоп вентили, лед рефлектори, грејачи за воздух и друго
- **40805** - во оваа година потпишан е договор за мобилна телефонија за период од 2(две)години при што за субвенцијата како и од доплата на вработените над износот кој и следува набавени се мобилни телефони и таблети во вредност од 221.440 денари

- **40806** - ситен инвентар набавен во претходни фискални години евидентиран како залиха во магацин во вредност од 128.840 денари а ставен во употреба во оваа година како што се безбедносни камери, водомери и вентили
- **40807** - ситен инвентар пренесен од основни средства, имено при реализација на ГИП Т3, нови инвестиции, со назив Набавка на нови АУМА мотори со соодветни редуктори заменети се неисправни аума мотори но заменети се и 14(четиринаесет) редуктори кои се исправни и кои се составен дел на основните средства таблести затворачи и истите се евидентирани како ситен инвентар вон употреба – исправни, со цел нивно користење во идните периоди а се со вредност од 229.439 денари
- **40811** - во оваа година набавени се 28(дваесет и осум) гуми за службените возила во износ од 236.141 денари

***Конто 410*** - Трошоци за транспортни услуги не се направени во 2025 година.

***Конто 411*** – Поштенски, телефонски и интернет услуги. Оваа група ги опфаќа услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет, GPRS комуникација за SCADA систем и поштарина (писма и други пратки). Во 2025 година овој трошок е на износ од 491.164 денари и е поголем за 2,42% во однос на 2024 година. Зголемувањето во делот на услугите за мобилна телефонија е како резултат на зголемен обем на услугите, зголемување на тарифните модели, кои резултираа и со поголема набавна цена добиена по спроведената јавна набавка. Во 2025 година се зголемени и трошоците за поштарина како резултат на зголемен обем на работа, зголемена коресподенција со Владата на Република Северна Македонија, надлежните министерства и институции и деловни партнери.

***Конто 413*** – Услуги за одржување и заштита. Оваа група опфаќа услуги за одржување и заштита, а најголем дел е за одржување на службените возила, ПП апарати, зафати и цевководи, хидромеханичка опрема, SCADA систем, централна климатизација, надворешно и внатрешно санирање на објекти и електроенергетски објекти и инсталации. Во 2025 година овој трошок е на износ од 2.171.728 денари и е намален за 45,21 % во однос на 2024 година.

**41302** - Одржување на зафати, цевководи и шахти – ГИП, Т5 дел одржување
При реализација на Годишната инвестициона програма, дел Одржување, Т5 – Санација (заштита) на заедничкиот цевковод во речното корито на река Злетовица направен е трошок во износ од 2.733.780 денари.

***41316*** – Оджување на книговодствен програм
Јавното претпријатие во 2025 година користи книговодствен програм инсталиран на 5 (компјутери) по месечен надомест од 850 денари со ддв.
Надоместот за лиценцата се менува на 2(две) години а во 2024 година изнесува 700 денари со ддв од инсталиран компјутер.

***Конто 414*** – Останати неспоменати –закуп за радиофреквенција. Трошоци за наемнина опфаќа закуп за радиофреквенции за Системот за алармирање на брана Кнежево. Во 2025 година овој трошок е на износ од 22.193 денари и е намален за 0,24 % во однос на 2024 година.

***Конто 415*** - Трошоци за комунални услуги во најголем дел опфаќа трошоци за комуналии (вода и смет) и за услуга за дератизација на објекти од ХС Злетовица. Во 2025 година овој трошок е на износ од 109.683 денари и е зголемен за 49,08% во однос на 2024 година. Поголемиот износ произлегува од зголемување на трошоците за дератизација. Во однос на планот за 2025 година реализираните тошоци за оваа намена не се надминати.

***Конто 417*** - Трошоците за реклама, промоција и саеми во 2025 година не се реализирани.

***Конто 419*** - Оваа група опфаќа останати услуги, а најголем дел се услуги за редовна месечна анализа на површинските води, редовна годишна комплексна анализа на водите, изработка на елаборати за брана Кнежево, техничко набљудување (оскултација) на брана Кнежево, годишен преглед и одржување на дизелагрегати, годишен преглед и сервисирање на градежни машини, калибрација на инструменти, регистрација на возила, стручни работи од областа на безбедност и здравје при работа и слични услуги. Во 2025 година овој трошок е на износ од 1.455.581 денари и е зголемен за 2,68 % во однос на 2024 година. Зголемувањето е резултат на зголемени пазарни цени.

***Конто 421*** – Бруто платата за 2025 година изнесува 23.807.708 денари што претставува зголемување од 18,21% во однос на 2024 година и намалување од 2,72% во однос на планираните во 2025 година.
Платата во 2025 година во споредба со платата во 2024 година е зголемена поради зголемување на платата од 03/2025 година за зголемениот износ на законската минимална плата за 2025 година, зголемување на бруто платата од 09/2024 за 0,7% врз основа на одредбите од Општ колективен договор за Јавен сектор (зголемување во 2024 година сметано за 4 месеци за 2025 година 12 месеци), од 07/2024 година за прв пат се назначува в.д.Заменик Директор а од 09/2024 година се применува нова поголема пресметка на плати за Директорот и в.д.Заменик Директорот, (зголемување во 2024 сметано за 6 и за 4 месеци за 2025 година за 12 месеци) а врз основа на математичкиот модел добиен од Владата на Р.С.Македонија и поради зголемениот просек на вработени за кој е исплатена плата кој во 2025 изнесува 31,86 а во 2024 година изнесува 29,44.

Висината на бруто и нето плата на Директорот на ЈП ХС Злетовица во 2025 година во споредба со 2024 година е прикажана во наредната табела:

| **Опис** | **2024** | **2025** |
|---|---|---|
| Основна плата | 86.395 | 94.147 |
| Работен стаж | 5.553 | 10.059 |
| **Нето плата** | **91.948** | **100.666** |

***Конто 422*** – Во останати трошоци на вработените се опфатени трошоците кои произлегуваат од законските прописи кои ги регулираат правата на вработените. Во 2025 година се реализирани на износ од 1.071.137 денари и се намалени за 11,85% во однос на 2024 година, а се однесуваат на трошоци за јубилејни награди за 1 вработено лице во вкупен износ од 45.829 денари, регрес за годишен одмор од по 26.858 ден. по вработен, помош во случај на смрт на член на потесно семејство на вработени и други видови награди на вработени.

***Конто 440*** – Оваа група ги опфаќа трошоците за дневници за службени патувања во земјата и во странство, трошоците за патарина, паркирање и слични трошоци. Во 2025 година овој трошок е на износ од 123.646 денари и е намален за 7,08 % во однос на 2024 година.

***Конто 441*** – Оваа група надоместоци на трошоци на вработените се однесува на трошоците направени за образование, семинари, симпозиуми, систематски лекарски прегледи и слично. Во 2025 година овој трошок изнесува 134.978 денари и е зголемен за 198,62 % во однос на 2024 година. Во 2025 година согласно законските прописи се извршија систематски прегледи на сите вработени во Јавното претпријатие, потоа се посетија поголем број на семинари и сл.

***Конто 442*** - Оваа група ги опфаќа надоместоците на членовите на Управен одбор и Надзорен одбор, како и трошоците за превоз на овие членови. Во 2025 година овој трошок е на износ од 958.840 денари и е за 5,42 % поголем во однос на 2024 година а помал во однос на планираното за 2025 година од 2,46%.
Поголемиот износ произлегува од поголемата присутност на членовите на УО и НО во 2025 година во однос на 2024 година.

Висина на надоместоците на УО и НО се прикажани во наредната табела:

| Опис | 2024 | 2025 |
|---|---|---|
| Претседател на УО и НО | 8.000 | 8.000 |
| Заменик на Претседателот  на УО и НО | 7.500 | 7.500 |
| Членови на УО и НО | 7.000 | 7.000 |
| Патни трошоци за присуство на седници | 10% од цена на литар гориво по поминат км. | 10% од цена на литар гориво по поминат км. |
| Трошок за месечна мобилна телефонија на Претеседател на УО без ДДВ и без ДЛД | 1.600 | 1.600 |

***Конто 444*** - Оваа група опфаќа трошоци за репрезентација во угостителски објекти и во административно-деловниот објект. Во 2025 година овој трошок е на износ од  296.989 денари и е поголем за 26,29 % во однос на 2024 година, а е за 42,89  % помал во однос на планираното за 2025 година. Поголемиот износ е поради зголемените пазарни цени и зголемени деловни активносит на јавното претпријатие, деловни состаноци посебно во делот на изградба на мала пибранска ХЕЦ Б на брана Кнежево и деловните состаноци со претставниците од Светска банка во однос на доделување на грант средства и кредитирање на Фаза 2-наводнување и Фаза 3-енергетика од ХС Злетовица.

***Конто 445*** - Оваа група ги опфаќа трошоците за осигурување на имот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, односно осигурување на градежни објекти, опрема и службени возила. Во 2025 година овој трошок е на износ од 48.403 денари и е помал за 22,43% во однос на 2024 година.

***Конто 446*** - Оваа група ги опфаќа банкарските услуги кои се на износ од 169.537 денари кои се за 1,39% поголеми во однос на 2024 година а 7,31 % помали во однос на планираните за 2025 година.

Од овие трошоци 108.233 денари се платени од претпријатието на 3(три) деловните банки во кои има депонирано жиро сметки а износот од 61.304 денари се трошоци кои ги плаќа Министерството за финансии на Народна банка на РСМ при плаќање на ануитетите од јапонскиот кредит а претпријатието ќе ги враќа на Министерството за финансии од 2029 година.

***Конто 447*** - Оваа група ги опфаќа административните и судски такси, членарини и такса за финансирање на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги. Во 2025 година овој трошок е на износ од 142.004 денари и е поголем за 23,51 % во однос на 2024 година, а е за 47,98 % помал во однос на планираниот. Овој трошок е зголемен бидејки во 2025 година се платија административни такси за добивање на уверенија, одобренија и слично од страна на органите на државна управа, како и административни и судски такси за поведување на постапка за наплата на побарувањата кои ги има ЈП ХС Злетовица од јавните комунални претпријатија од Пробиштип, Штип, Свети Николе и Карбинци.

***Конто 449*** - Останатите трошоци кои произлегуваат од тековното работење на претпријатието во најголем дел се однесуваат на трошоци за договор за дело, авторски хонорари, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за јавни огласи, имотни листови, адвокатски и нотарски услуги, електронски потписи и слично. Во 2025 година овој трошок изнесува 574.593 денари и е за 23,18 % поголем во однос на 2024 година, а е за 36,04 % помал во однос на планираниот. Зголемувањето е како резултат на зголемена цена за вршење на ревизија на финансиските извештаи, која е добиена по завршување на електронската аукција, во 2025 година во два дневни весници на македонски јазик и еден дневен весник на албански јазик се распишуваше два пати јавен конкурс за избор на заменик директор, јавен оглас за вработување на определено време, јавен оглас за вработување на неопределено време  на еден извршител, користење на услуги од Агенција за катастар, потоа користени се адвокатски услуги за застапување на јавното претпријатие пред надлежните судови и за поднесување на тужби и нотарски платни налози, користени се

нотарски услуги за заверка на документи и донесување на решенија за нотарски платни налози, набавени се електронски потписи за комисиите за јавни набавки и за електронско банкарство и сл.

***Конто 460*** - Загуби од расходирање на средства
При реализација на Годишната инвестициона програма и Финансискот план за 2025 година заменета е опрема, основни средства, која е расходирана, а нивната неотпишана книговодствена вредност изнесува 625.009 денари.

***Конто 468*** – Трошоци по основ на казни, пенали и надомест на штети
Вакви трошоци во 2025 година не се остварени.

***Конто 469*** – Останати расходи од работењето
Во 2025 година овие трошоци се направени во вкупен износ од 3.464.025 денари и се за 490,18% повисоки во однос на 2024 година. Најголемиот дел од овие трошоци во износ од 3.453.068 денари отпаѓаат на повратот на данок на добивка од Фаза 1 кои како аконтација се платени на УЈП во минати години, тогаш евидентирани како основна главнина. По насоки од Министерството за финансии тие се повратени од УЈП и се уплатени во Буџетот на РС Македонија како строго наменски средства, но од страна на Централен регистар на РСМ е укажано дека немаат законска основа да ја намалат основната главнина на Владата во Проектот Злетовица за овој износ.

***Конто 474*** – Расходите по основ на камати
Во 2025 година овие трошоци се направени во износ од 2.284 денари а се однесуваат за ненавремено плаќање фактури по основ на купопродажни договори и се зголемени во однос на 2024 година за 96,90% а намалени во однос на планираните за 2025 година за 54,32%.

***Конто 432*** - Амотризацијата на средствата на претпријатието за 2025 година изнесува 143.731.987 денари и претставува најголема трошковна ставка која во структурата на трошоците зафаќа 78,37%.

## 5.2 ***Биланс на состојба***

Вкупната актива и пасива на претпријатието на 31.12.2025 година изнесува **3.959.640.091 денари**. Аналитички позициите од активата и пасивата се дадени во следната табела:

| РБ | БИЛАНС НА СОСТОЈБА | АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 2025 | 2024 |
| **1.** | **АКТИВА:** | | | |
| | **А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)** | **1** | **3.877.512.866** | **4.002.006.480** |
| **2.** | **I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)** | **2** | **1.130.250** | **2.449.319** |
| **4.** | Концесии,патенти,лиценцни зашт.знаци и сл.права | 4 | 1.130.250 | 2.449.319 |
| **9** | **II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)** | **9** | **3.876.382.616** | **3.999.557.161** |
| **10.** | **Недвижности (011+012)** | **10** | **3.730.829.700** | **3.849.783.485** |
| **1О.а.** | Земјишта | **11** | 14.723.532 | 12.817.650 |
| **10.6.** | Градежни објекти | **12** | 3.716.106.168 | 3.836.965.835 |
| **11.** | Постројки и опрема | **13** | 62.118.024 | 45.462.386 |
| **12.** | Транспортни средства | **14** | 87.453 | 103.599 |
| **13.** | Алат.погонски и канцелариски инвентар и мебел | **15** | 76.511 | 100.667 |
| **14.** | Биолошки средства | **16** | 134.420 | 299.825 |
| **15.** | Аванси за набавка на материјални средства | **17** | | 4.424.853 |
| **16.** | Материјални средства во подготовка | **18** | 83.124.905 | 99.370.329 |
| **17.** | Останати материјални средства | **19** | 11.603 | 12.017 |
| **31.** | **Б.ТЕКОВНИСРЕДСТВА (037+045+052+059)** | **36** | **82.034.709** | **72.344.878** |
| **32.** | **I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)** | **37** | **16.408.828** | **15.773.574** |
| **33.** | Залиха на суровини и др.материјали | **38** | 203.118 | 279.851 |
| **34.** | Залиха на резерв.делови.ситен инв.,амбал.и автогуми | **39** | 16.205.710 | 15.493.723 |
| **40.** | **III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)** | **45** | **62.270.760** | **49.425.997** |
| **42.** | Побарувања од купувачите | **47** | 60.707.146 | 47.894.460 |
| **43.** | Побарувања за дадени аванси на добавувачи | **48** | | 100.984 |
| **44.** | Побарувања од државата по основ на даноци и за др. | **49** | 1.451.079 | 1.423.525 |
| **45.** | Побарувања од вработените | **50** | 112.535 | 7.028 |
| **52.** | **V- ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)** | **59** | **3.355.121** | **7.145.307** |
| **52.а.** | Парични средства | 60 | 3.355.121 | 7.145.307 |
| **53** | **VI.ПЛАТЕНИ ТРОШ.ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ-АВР** | 62 | 92.516 | 77.339 |
| **54** | **ВКУПНА АКТИВА (001+035+036+044+062)** | *63* | **3.959.640.091** | **4.074.428.697** |
| 55 | В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | 64 | 5.840.033 | 5.931.378 |
| **56.** | **ПАСИВА**<br>**А.Главнина и резерви (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)** | **65** | **-177.935.734** | **-71.769.458** |
| 57. | I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 66 | 1.461.118.826 | 1.449.449.768 |
| **62.** | **VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)** | **71** | **12.683.656** | **12.683.656** |
| 63. | Законски резерви | 72 | 12.683.656 | 12.683.656 |
| 67. | VIII.ПРЕНЕСЕНАЗАГУБА(-) | 76 | 1.533.902.882 | 1.402.195.290 |
| 69. | X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 78 | 117.835.334 | 131.707.592 |
| **72.** | **Б. ОБВРСКИ (082+085+095)** | **81** | **4.137.575.825** | **4.132.360.655** |
| **76.** | **II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)** | **85** | **4.128.934.276** | **4.128.934.276** |
| **81.** | Обврски по заеми и кредити | **90** | 4.128.934.276 | 4.128.934.276 |
| **86.** | **IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)** | **95** | **8.641.549** | **3.426.379** |
| **88.** | Обврски спрема добавувачи | **97** | 5.793.936 | 899.503 |
| **89.** | Обврски за аванси, депозити и кауции | *98* | 627.278 | 627.433 |
| **90.** | Обврски за даноци и придонеси на плата | **99** | 712.464 | 611.023 |
| **91.** | Обврски кон вработените | *100* | 1.378.836 | 1.190.761 |
| 92. | Тековни даночни обврски | **101** | 8.455 | 8.298 |
| **99.** | Останати краткорочни обврски | **108** | 120.580 | 89.361 |
| **100.** | **V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШ. И ПРИХ. ВО ИДНИ ПЕРИОДИ(ПВР)** | ***109*** | | **13.837.500** |
| **102.** | **ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)** | **111** | **3.959.640.091** | **4.074.428.697** |
| **103.** | **В. ВОНБИЛАНСНАЕВИДЕНЦИЈА- ПАСИВА** | **112** | 5.840.033 | 5.931.378 |

***Ненаплатени побарувања***

Краткорочни побарувања во 2025 година изнесуваат **62.270.760** денари и во споредба со 2024 година се зголемени за 25,99%.

Најголеми должници на претпријатието се ЈКП Комуналец од Свети Николе, ЈКП Никола Карев од Пробиштип, ЈП Исар од Штип и ЈКП Плачковица од Карбинци, кои заедно по сите основи должат вкупен износ од 58.398.831 денари или 93,78% од вкупните ненаплатени побарувања.

Претпријатието води сметка да не дојде до застарување на побарувањата за што ги превзема сите неопходни мерки во тој правец.

Претпријатието има евидентирано вонбилансно побарување по судска пресуда која во 2025 изнесува 5.443.756 денари.

***Вкупни неизмирени обврски***

Вкупните неизмирени обврски изнесуваат **4.137.575.825** денари и во споредба со 2024 година се зголемени за 0,13%.

Долгорочните обврски (кредит) се фиксирани на износ од 4.128.934.276 денари и износот на обрската ќе се задржи до 2028 година.

Краткорочните обврски изнесуваат 8.641.549 денари и во споредба со 2024 година се зголемени за 152,21%.

Јавното претпријатие се соочува со намалена ликвидност поради помалите уплати од страна на сите јавни комунални претпријатија на кои им се испорачува сирова вода за пиење. Јавното претпријатие превзема мерки за зголемување на наплатата на своите побарувања со цел подобрување на ликвидноста како што се голем број на состаноци со градоначалниците и директорите на комуналните претпријатија на која се изнесува фактот на малата наплата, поднесување на писмени опомени за неплатените долгови, телефонски јавувања, поднесувања на нотарски платни налози како и покренување на судски постапки за наплата на побарувањата.

## ***5.3 Приливи и одливи на средства во 2025 година (Готовински тек)***

Претпријатието во 2025 година имаше на располагање **54.363.954** денари и тоа од салдо на жиро сметки на 01.01.2025 година од 7.145.307 денари и тековни приливи од 47.218.647 денари.

Од расположивите средства претпријатието потроши 51.008.833 денари, а остатокот од 3.355.121 денари се на жиро сметките на претпријатието.

| РБ | СПЕЦИФИРАНИ ПРИЛИВИ И ОДЛИВИ | ОСТВАРЕНО | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО | Споредба | Споредба | Структурна анализа 2025 (%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2024 | 2025 | 2025 | оств.2025 / оств.2024 (%) | оств.2025 / план.2025 (%) | |
| | **ПРИЛИВИ** | | | | | | |
| 1 | Вкупно расположиви средства - кеш основа (1А+1Б) | 71.773.696 | 81.887.307 | 54.363.954 | 75,74 | 66,39 | 100,00 |
| 1А | Салдо на жиро сметки на 01.01 | 9.212.841 | 7.145.307 | 7.145.307 | 77,56 | 100,00 | 13,14 |
| 1Б | Вкупни приливи (збир од 1,1 до 1,6) | 62.560.855 | 74.742.000 | 47.218.647 | 75,48 | 63,18 | 86,86 |
| 1,1 | Приход и наплата на побарувања од вода за пиење | 40.713.137 | 57.500.000 | 35.838.549 | 88,03 | 62,33 | 65,92 |
| 1,2 | Приход и наплата на побарувања од вода за наводнување | 1.870.086 | 3.000.000 | 3.009.984 | 160,95 | 100,33 | 5,54 |
| 1,3 | Приход од продажба на струја | 21.614 | 2.000.000 | 26.633 | 123,22 | 1,33 | 0,05 |
| 1,4 | Буџет на РСМ за Програма 6А - Хидросистем Злетовица | 6.020.960 | 12.000.000 | 8.254.500 | 137,10 | 68,79 | 15,18 |
| 1,5 | Приход од донации | 13.837.500 | | | | | |
| 1,6 | Останати неспоменати а наплатени приходи | 97.558 | 242.000 | 88.981 | 91,21 | 36,77 | 0,16 |
| | **ОДЛИВИ** | | | | | | |
| 2 | Вкупно расположиви средства - кеш основа (2А+2Б) | 71.773.696 | 81.887.307 | 54.363.954 | 75,74 | 66,39 | 100,00 |
| 2А | Салдо на жиро сметки на 31.12 | 7.145.307 | | 3.355.121 | 46,96 | | 6,17 |
| 2Б | Вкупни одливи (збир од 2,1 до 2,7) | 64.628.389 | 81.887.307 | 51.008.833 | 78,93 | 62,29 | 93,83 |
| 2,1 | Годишна инвестициона програма | 33.596.541 | 38.992.301 | 17.335.919 | 51,60 | 44,46 | 31,89 |
| 2,2 | Материјални средства во подготовка (ХЕЦ Б) | | 200.000 | 66.750 | | 33,38 | 0,12 |
| 2,3 | Платен надоместок на вода | 52.326 | 55.000 | 3.238 | 6,19 | 5,89 | 0,01 |
| 2,4 | Плата и надоместоци на плата | 20.141.621 | 24.473.325 | 23.807.708 | 118,20 | 97,28 | 43,79 |
| 2,5 | Надомест на УО и НО | 905.732 | 983.000 | 958.840 | 105,86 | 97,54 | 1,76 |
| 2,6 | Електрична енергија | 1.269.681 | 1.400.000 | 1.207.124 | 95,07 | 86,22 | 2,22 |
| 2,7 | Останати трошоци и услуги | 8.662.488 | 15.783.681 | 7.629.254 | 88,07 | 48,34 | 14,03 |

## *5.4 Реализација на Годишна инвестициона програма за 2025 година:*

Реализацијата на Годишната инвестициона програма за 2025 година изнесува 42,74%.

**Годишна инвестициона програма за 2025 година**

**Институција: ЈП ХС Злетовица - Пробиштип**

| Структура на извори на средства | План | Реализација | Реализација % |
|---|---|---|---|
| 1. Сопствени приходи | 28.560.000 | 9.081.419 | 31,80 |
| 2. Буџетски средства | 12.000.000 | 8.254.500 | 68,79 |
| 3. Средства од донација | 0 | 0 | |
| 4. Кредитни средства | 0 | 0 | |
| **Вкупно** | **40.560.000** | **17.335.919** | **42,74** |

**Одржување**

| Р.б. | Назив на проект / активност | План | Реализација | Реализација % | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Фаза 1 - водоснабдување | | | | | |
| 1 | Набавка на хидромеханичка опрема за замена на оштетена опрема на објекти на ХС Злетовица | 1.000.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 2 | Набавка на полиестерски цевки за одржување на цевководи за водоснабдување | 400.000 | 380.564 | 95,14 | Сопствени средства |
| 3 | Ставање во функција на Пумпна станица на брана Кнежево | 7.275.000 | 141.600 | 1,95 | Сопствени средства |
| 4 | Надзор на ставање во функција на Пумпна станица на брана Кнежево | 220.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 5 | Санација (заштита) на заедничкиот цевковод во речното корито на река Злетовица | 3.000.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 6 | Надзор за инвестициски активности | 100.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 7 | Набавка на канцалариски инвентар во административната зграда | 500.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 8 | Набавка, монтажа и ставање во функција на сонди - акцелографи на брана Кнежево | 2.000.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| | **Вкупно за одржување** | **14.495.000** | **522.164** | **3,60** | |

**Нови инвестиции**

| Р.б. | Назив на проект / активност | План | Реализација | Реализација % | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| Фаза 1 - водоснабдување | | | | | |
| 1 | Доизградба (комплетирање) на магацин на Зафат 3 | 220.000 | 38.148 | 17,34 | Сопствени средства |
| 2 | Изградба на настрешница за заштита на дизел агрегати, аума мотори и друг имот | 220.000 | 92.441 | 42,02 | Сопствени средства |
| 3 | Набавка на нови AUMA мотори со соодветни редуктори на објекти за водоснабдување на ХС Злетовица | 4.000.000 | 3.996.660 | 99,92 | Сопствени средства |
| 4 | Набавка на компјутери со лиценциран софтвер, компјутерска опрема и видео и аудио опрема за видео и аудио on-line состаноци преку видео конференциска врска | 500.000 | 383.565 | 76,71 | Сопствени средства |
| 5 | Медиумска презентација на регионални медиуми за проектот ХС Злетовица | 200.000 | 12.873 | 6,44 | Сопствени средства |
| 6 | Ангажирање на овластена фирма за изработка на техничка документација и водење на постапка за добивање на одобрение за градење на лабараторија на Зафат 3 | 800.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 7 | Административни трошоци за реализација на проекти од Фаза 1 од ХС Злетовица | 1.000.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 8 | Ангажирање на овластена фирма за подготовка и изработка на техничка документација за реализација на проекти | 600.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 9 | Експропријација на земјиште | 135.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 10 | Набавка на софтвер за баркод читач | 60.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 11 | Набавка на машина за чистење на подови | 200.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 12 | Набавка на алат, мерни и контролни инструменти и прибор | 145.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 13 | Набавка и монтажа на светлечки реклами со називот и логото на Јавното претпријатие | 145.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 14 | Хидраулична пумпа за брана Кнежево | 145.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| 15 | Изработка на елаборат за дигитална интеграција на системи од ХС Злетовица | 145.000 | | 0,00 | Сопствени средства |
| | **Фаза 2 - наводнување** | | | | |
| | **Фаза 3 - енергетика** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Изработка на техничка документација за реализацијата на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица - **вкупно**<br>- Изработка на техничка документација (Елаборати за експропријација, заштита при работа, противпожарна заштита, геодетски елаборати) за добивање на одобрение за градење за реализација на проектите од ХС Злетовица.<br>- Изработка на урбанистички проект за инфраструктурни водови (10/20/kV кабелски вод) вон опфат на урбанистички проект со ревизија за хидроцентрала ХЕЦ Б. | 1.500.000<br>1.240.000<br>260.000 | 0 | 0,00<br>0,00<br>0,00 | Сопствени средства |
| 17 | Административни трошоци за реализација на проекти од на Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица | 500.000 | 445.127 | 89,03 | Сопствени средства |
| 18 | Изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево Qi=300 l/s, Pi=200kW | 3.000.000 | 2.999.946 | 100,00 | Сопствени средства |
| 19 | Надзор на Проект за изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево | 550.000 | 590.495 | 107,36 | Сопствени средства |
| **Вкупно за нови инвестиции** | | **14.065.000** | **8.559.255** | **60,85** | |

**Активности преземени со одлука на Влада на РСМ од Програма 6А - ХС Злетовица**

| **Р.б.** | **Назив на проект / активност** | **План** | **Реализација** | **Реализација %** | **Извор на финансирање** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка, транспорт и монтажа на дизел агрегат на Филтер станица Карбинци, 110kVA | 1.500.000 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 2 | Изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево од Хидросистемот Злетовица Qi=300 l/s, Pi=200kW | 8.254.500 | 8.254.500 | 100,00 | Буџетски средства |
| 3 | Рехабилитација на Филтер станица во Свети Николе со технологија УФ, капацитет 100l/s, | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 4 | Изградба на резервоар 1.000 m$^3$ и линиска инфраструктура на филтер станица во Свети Николе | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 5 | Изградба на филтер станица во УВ 20л/с во Лозово, со надзор | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 6 | Изградба на пристапен пат до филтер станица , изградба на распредилителни цевководи, реконструкција на постоечкиот и доградба на нов резервоар со капацитет 300м3 сите во Лозово, со надзор | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 7 | Подобрување на водоснабдување на Горна зона во Пробиштип | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| 8 | Надзор на 3 проекти: 1.Рехабилитација на филтер станица во Свети Николе со технологија У.Ф капацитет 100l/s. 2.Изградба на резервоар 1000m3. 3.Подобрување на водоснабдување на Горна зона во Пробиштип. | 374.250 | | 0,00 | Буџетски средства |
| **Вкупно за активности превземени од Програма 6А - ХС Злетовица** | | **12.000.000** | **8.254.500** | **68,79** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Се вкупно за ГИП 2025** | **40.560.000** | **17.335.919** | **42,74** | |

- ***Точка 2*** - ***Одржување (Фаза 1 - водоснабдување),*** Набавката на полиестерски цевки за одржување на цевководи за водоснабдување е реализирана за потребите на сервисирање на цевководот за водоснабдување на Општина Пробиштип. За 2025 година овој трошок е на износ од 380.564 денари и реализацијата е 95,14 % во однос на планираните средства од 400.000 денари за 2025 година

- ***Точка 3*** - ***Нови инвестиции (Фаза 1 - водоснабдување),*** Набавката на нови AUMA мотори со соодветни редуктори е поради замена на оштетени и дефектни мотори на објектите за водоснабдување (Зафат 1, Зафат 3 и Разделна шахта). За 2025 година овој трошок е на износ од 3.996.660 денари и реализацијата е 99,92 % во однос на планираните средства од 4.000.000 денари за 2025 година

Во 2025 година најголема и најзначајна е реализацијата на проектот *Изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево*. Реализацијата на финансиските средства потребни за изградба на ХЕЦ Б беа од неколку точки од ГИП2025, и тоа:

- ***Точка 17*** - ***Нови инвестиции (Фаза 2 и Фаза 3),*** Административните трошоци за реализација на проекти од Фаза 2 и Фаза 3 од ХС Злетовица беше во најголем дел за потребите на ХЕЦ Б (изработка на геодтески елаборати, линиски инфраструктурен проект, плаќање на такси, комуналии и друго). За 2025 година овој трошок е на износ од 445.127 денари и реализацијата е 89,03 % во однос на планираните средства од 500.000 денари за 2025 година

- ***Точка 18*** - ***Нови инвестиции (Фаза 2 и Фаза 3),*** Изградбата на ХЕЦ Б делумно е платена од сопствени средства (дополнителни непредвидени работи и зголемени количини). За 2025 година овој трошок е на износ од 2.999.946 денари и реализацијата е околу 100 % во однос на планираните средства од 3.000.000 денари за 2025 година
- ***Точка 19*** - ***Нови инвестиции (Фаза 2 и Фаза 3),*** Динамиката на изградбата на ХЕЦ Б беше следена од надзорот ЦИРКО ДООЕЛ Скопје. За 2025 година овој трошок е на износ од 590.495 денари и реализацијата е 107,36 % во однос на планираните средства од 550.000 денари за 2025 година. Зголемената исплата за 7,36% е поради помалата реализација на проектот во 2024 година што е предуслов за плаќање на услугите од надзорот. Финансиските средства за исплата на надзорот не се надминати во однос на Договор бр. 03-866/1 од 17.11.2023 година.
- ***Точка 2*** - ***Буџетски средства од Влада на РСМ (Програма 6А - ХС Злетовица),*** Изградбата на ХЕЦ Б во поголем дел (околу 50%) е платена од Буџетски средства на РСМ (преку Буџет на МЗШВ за 2025 година - Програма 6А - ХС Злетовица). За 2025 година овој трошок е на износ од 8.254.500 денари и реализацијата е 100 % во однос на планираните средства од 8.254.500 денари за 2025 година

## 6. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

Претпријатието во 2025 година нема постигнато позначајно зголемување на дигитализацијата, инаку од SCADA системот целосно дигитализирано се добиваат тековни податоци за количина на протокот на вода од брана Кнежево како и низ водоснабдителните цевководи, се мери матноста на водата и се врши дигитално управување на целиот Хидросистем Злетовица.

Дигитално, исто така се изработуваат сите документи и образци кои се барани за достава во таков вид до сите надлежни инстуции и владини тела како на пример дигитална достава на образци за даноци до УЈП, достава на материјали до Влада на РСМ, Централен регистар на РСМ, Регулаторна комисија за енергртика и водни услуги, Министерство за финансии и т.н.

## 7. ЗАКЛУЧНО МИСЛЕЊЕ

Главна карактеристика во работењето на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип во 2025 година е зголемената деловна активност односно реализација на годишни прегледи на опрема: дизел агрегати, кранови во темелна затварачница на брана Кнежево, градежни машини - багер ровокопач и трактор, ПП опрема и уреди, завршување со реализацијата на донацијата од ЦМСР - Република Словенија со изградба на мала прибранска хидроцентрала ХЕЦ Б на брана Кнежево и друго.

За да се одржи и уште повеќе да се зацврсти позитивниот тренд во работењето се предлагаат сет на мерки во таа насока, и тоа:

1. Мерки за подобрување на работењето
   - воспоставување на систем за зголемување на личната и колективната одговорност кај секој работник без исклучок
   - изработка на годишен и неделни оперативни планови за работа
   - подобро и поефикасно организирање на техничко-технолошката подготовка на оперативните работи
   - воспоставување на поголема и посигурна контрола за користење на работното време

2. Контрола на трошоците, штедење и економска анализа
   - посебно внимание да се посвети на оние трошоци кои значајно учествуваат

во вкупните трошоци

- контрола на материјалните трошоци, гориво, ситен инвентар, дневници и плати
- следење на трошоците според работните налози
- залихите на материјали на резервни делови да се држат на оптимално ниво

3. Планирање и контрола на извршените работи
   - долгорочно планирање
   - фиксно следење на месечните и годишните планови
   - утврдување на односот на планираниот резултат од работењето и како тој се остварува

*Изработиле:*

*Раководител на технички сектор*

*Миле Илиевски, д.е.и.*

*Раководител на сектор за општи, правни работи и човекови ресурси*

*Маја Стојчева, д.п.*

*Раководител на сектор за финансиско работење*

*Митко Маџов, д.е.*

*Одобрил:*

*Директор*
*Златко Стојановски, д.п.*

ПРИЛОГ - Слики



слика 1 - Машинската зграда на ХЕЦ Б




слика 2 - Турбина и генератор на ХЕЦ Б




слика 3- Среднонапонски и нисконапонски ормари на ХЕЦ Б